**20231472631**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

Врз основа на член 13 став 1 од Законот за прометот на експлозивни материи („Службен лист на СФРЈ“ бр.30/85, 6/89 и 53/91) кој согласно член 5 став 1 од Уставниот закон за спроведување на Уставот на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр.52/91 и 4/92) е преземен како републички пропис и („Службен весник на Република Македонија“ бр.12/93, 31/93, 66/07, 86/08 и 148/15), Министерството за внатрешни работи објавува

## ЛИСТА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЛИСТАТА НА ЕКСПЛОЗИВНИТЕ МАТЕРИИ ШТО МОЖАТ ДА СЕ ПУШТААТ ВО ПРОМЕТ

Во Листата на експлозивните материи што можат да се пуштаат во промет („Службен весник на Република Македонија“ бр.64/98, 19/01, 46/04, 106/06, 208/15 и 104/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.56/19, 120/19, 231/19, 52/20, 42/21, 140/21 и 280/22), во Дел I. „СТОПАНСКИ ЕКСПЛОЗИВИ“ во точката 72 точката на крајот од реченицата се заменува со точка и запирка и се додава нова точка 73, која гласи:

„73. Стопански анфо експлозив ANFOexal, со класификација 1.1D Type B-UN 0082, производство на „VAGEXCO Sh.p.k  EKSPLOZIV ALBANIA.“, со седиште во Какавие, Ѓирокастро, Албанија. Одобрение за пуштање во промет, под број 12.2-14759/2, на ден 4.4.2023 година.“.

Во Дел II. „СРЕДСТВА ЗА ИНИЦИРАЊЕ НА ЕКСПЛОЗИВИ“ во точката 38 точката на крајот од реченицата се заменува со точка и запирка и се додаваат три нови точки 39, 40 и 41, кои гласат:

„39. Не-електричен детонатор МС (NONEL nonelectric delay detonator MS) со класификација 1.1B UN 0360 PG II, производство на „VAGEXCO Sh.p.k  EKSPLOZIV ALBANIA.“, со седиште во Какавие, Ѓирокастро, Албанија. Одобрение за пуштање во промет, под број 12.2-14759/2, на ден 4.4.2023 година;

40. Не-електричен детонатор ЛП (NONEL nonelectric delay detonator LP) со класификација 1.1B UN 0360 PG II, производство на „VAGEXCO Sh.p.k  EKSPLOZIV ALBANIA.“, со седиште во Какавие, Ѓирокастро, Албанија. Одобрение за пуштање во промет, под број 12.2-14759/2, на ден 4.4.2023 година и

41. Не-електричен детонатор ЕЗТЛ (NONEL nonelectric delay detonator EZTL- surface connector) со класификација 1.4B UN 0361 PG II, производство на „VAGEXCO Sh.p.k EKSPLOZIV ALBANIA.“, со седиште во Какавие, Ѓирокастро, Албанија. Одобрение за пуштање во промет, под број 12.2-14759/2, на ден 4.4.2023 година.“.

Бр. 13.1.1-76147/1
5 јули 2023 година
Скопје

Министер
за внатрешни работи,
**Оливер Спасовски,** с.р.